# НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА
# РАБОТАТА НА ЕСЕ
# ЗА ПЕРИОДОТ
# ЈУНИ 2005 - МАЈ 2006

ЕСЕ

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА**
**ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ**
**И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ НА РМ**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЕСЕ ЗА ПЕРИОДОТ
ЈУНИ 2005 – ЈУНИ 2006**

## ПРЕГЛЕД:

За време на периодот на известување (јуни 2005 – јуни 2006), ЕСЕ ја заврши Програмата за работа за перидот 2003 – 2006. Во тој правец најголем дел од активности беа во согласност со предвидената програма, но исто така и со целите од процесот на стратешко планирање спроведен во 2004. Овие цели беа интегрирани во рамки на тековната тригодишна програма и токму затоа се составен дел од активностите имплементирани за време на овој период на известување.

Оваа година беше одбележана со превземање на понатамошни чекори за јакнење на капацитетите на ЕСЕ на полиња кои ќе бидат вклучени како интегрален дел од следната тригодишна програма. Како резултат на ова, се подготви нова тригодишна програма за периодот 2006 – 2009, која се поднесе и се одобри.

За време на периодот на известување се подготвија и се поднесоа вкупно 13 дополнителни предлог проекти. Од нив, 7 беа одобрени, 4 беа одбиени и за 3 чекаме одговор.

Програмските активности имплементирани за периодот на известување, во рамки на секоја програма одделно, се следниве:

## ПРОГРАМА ЖЕНСКИ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во оваа програмска година, фокусот на оваа програма беше ставен на претходно предвидените цели и активности во рамките на тригодишна програма на организацијата, но во исто време и кон иницирање на процеси кои ќе ја утврдат идната работа на ЕСЕ на ова поле. Имено, два значајни процеси беа иницирани во насока на воспоставување на ефективен институционален одговор кон семејното насилство. Овие две

иницијативи се Унификација на граѓанскиот и казнено правниот систем на заштита и подготовка на Национална програма за заштита од семејното насилство. Значајно е да се напомене дека во наредната тригодишна програма (2006-2009) овие две иницијативи се нејзин составен дел и ќе се спроведат во наведениот период.

**<u>Едукативни и информативни активности</u>**

Во периодот на известување беа иницирани и спроведени континуирани активности за промоција на формалниот и неформалниот систем за заштита на жртвите. Во таа насока, со цел афирмирање на работата на Центрите за правна помош, беше подготвена и испечатена корпоративна информативна брошура, во согласност со претходно развиената стратегија. Исто така беше испечатен и промовиран лифлетот „Ти имаш право да бидеш ти”, кој содржи листа на прашања кои овозможуваат проверка на постоењето на семејното насилство и начинот на негово манифестирање.

Традиционално, ЕСЕ и Акција Здруженска заедно со релевантните владини институциии и граѓански организации ја иницираа овогодишната кампањата во рамките на „16 меѓународни дена на активизам против насилството врз жената”. Мотото на кампањата беше „Не прикривај, пријави”. Кампањата беше насочена кон подигање на свеста и јакнење на капацитетите на професионалните структури на национално и локално ниво, подигање на свеста на општата популација (жени), како и медиумски активности.

**<u>Центри за правна помош (ЦПП)</u>**

Обезбедувањето на професионални, високо квалитетни услуги, советување, подршка и информирање за семејното насилство како дел од стратешките определби на ЕСЕ, продолжија да се реализираат во овој временски период преку работата на трите ЦПП. За услугите кои се нудат во ЦПП се обратиле 373 клиенти. Главно, тие се обратија за

правна помош (65%), наспроти психосоцијалната подршка која беше обезбедена во 35% од случаите. За 40 случаи беше обезбедно целосно судско застапување. Ова е голем број на случаи кој значајно влијаеше врз ефикасноста во работењето на ЦПП. Покрај основниот мандат на ЦПП – обезбедување на бесплатна правна помош и застапување, продолжија напорите на ЕСЕ за промовирање на законските решенија од Закон за семејство насочени кон превенирање на насилството. Во континуитет локалните ЦПП во Штип и Тетово продолжија со работењето. Во периодот јуни 2005 – јуни 2006, вкупно 88 клиенти се обратиле во ЦПП Тетово, односно 108 во ЦПП Штип. Покрај обезбедувањето на потребните услуги, беа организирани бројни промотивни активности на локално ниво.

**Извештај во сенка за состојбата со имплементацијата на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жената – ЦЕДАВ**

По поднесувањето на листа со сфери на загриженост и презентирањето на главните наоди од извештајот пред работната група на пред сесијата, во јуни 2005 ЕСЕ започна со подготовката за 34 сесија на Комитетот, која се одржа во периодот 16ти јануари – 3ти февруари 2006. Во таа насока, пред доставување на финалната верзија на извештајот за состојбата на жената во нашето општество, тој беше доставен до сите 19 експерти (интервјуирани за утврдување на фактичката положба на жената согласно ЦЕДАВ конвенцијата), како и до сите 27 граѓански организации вклучени во де факто анализата. Иако сите агенции на Обединети нации имаат можност директно да ги презентираат своите наоди и видувања по пред ЦЕДАВ Комитетот, канцеларијата на УНХЦР во Скопје одлучи да го интегрира своето мислење и искуство во Извештајот во сенка. Ваквиот придонес од УНХЦР, ЕСЕ го смета како еден од најзначајните во процесот на подготовка на Извештајот во сенка. Ваквиот заклучок беше потврден со тоа што една од заклучните препораки на Комитетот се засноваше на сугестиите и препораките кои

тие ги дадоа во подоговотката на извештајот. По подготовката и објавувањето на извештајот, кон крајот на декември и почеток на јануари, претставници на ЕСЕ во координација со Дивисион оф адванцемент оф њомен ДАЊ, посебно со ИВРАВ Азија Пацифик, ја интензивираа комуникацијата во однос на учеството на сесијатата на Комитетот. На 23ти јануари, на неформалниот состанок за граѓанските организации, организации од пет држави ЕСЕ ги презентираа своите изјави, заедно со Центар на Роми на град Скопје, по што следеа прашања за појаснување на дадените изјави.

Значајно е да се напомене дека препораките содржани во Извештајот во сенка, беа основа за повеќето од заклучните препораки на Комитетот, со што се потврди значењето на процесот на подготовка на Извештајот во сенка, неговото влијание во застапувањето на правата на жените и забрзувањето на родовата еднаквост.

Во духот на заклучната препорака бр. 39, која пропишува дека државата треба широко да ги дистрибуирање на препораките со цел да ја подигне свесноста за чекорите кои беа превземени за да се обезбеди де јуре и де факто еднаквост на жените, како и понатамошни чекори кои е потребно да се преземат. ЕСЕ превзема активна улога во иницирање на овие промотивни активности. Извештајот и заклучните препораки беа дистрибуирани на повеќе од 400 индивидуалци/институции.

Заклучните препораки и кратка информација за процесот на подготовка на Извештајот во сенка, беа објавени во три дневни весници со најголем тираж (Утрински весник, Дневник и Вест). Заклучните препораки беа објавени во два наврати, и тоа на 8ми Март, Денот на жените и на 8ми Април – Светкиот ден на Ромите, со фокус на правата кои треба да ги уживаат жените Ромки.

## Национална програма за заштита од семејното насилство

Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Р.М, ЕСЕ, беше избрано како едно од тринаесетте корисници на грантови, врз основа на претходен повик за предлог проекти иницирам од Институтот за оддржливи заедници во РМ и УСАИД. Проектот носи наслов „Јакнење на граѓанското општество" и се состои од 13 индивидуални проекти на организации лидери од македонското граѓанско општество. Овие тринаесет проекти се поделени во две групи: застапување и локални партнерства. Проектот на ЕСЕ е дел од групата на проекти за застапување и носи наслов „Национална програма за заштита од семејно насилство". Главната цел на овој проект е подготовка на стратешки документ (Национална програма) за заштита од семејно насилство. Овој две годишен проект се состои од две компоненти: првата, која ќе се реализира во првата година од работата и се однесува на спроведување на истражување за семејно насилство, а втората е подготовка на стратешки документ – Национална програма за заштита од семејно насилство. Министерството за труд и социјална политика е партнер на ЕСЕ во спроведувањето на овој проект.

За време на периодот на известување, проектните активности главно се фокусираа на поготвителна фаза за првата компонента, односно истражувачки активности за семејното насилство. Подготовката на прашалникот, определување на примерокот на истражување, формирањето на тим на анкетари и спроведувањето на обуката за членовите на тимот, беше спроведена за време на периодот на известување.

## Унифицирање и позитивни практики во борбата против семејното насилство во Македонија

Целта на проектот "**Воспоставување на унифицирани и позитивни практики во борбата против семејното насилство во Македонија**", е да развие и институционализура процедури и протоколи за имплементација на законската регулатива (Законот за семејство и

Кривичниот законик), притоа придонесувајќи до попристапен и поефикасен граѓански и казненоправен систем за заштита на жртвите на семејното насилство.Една од под компомнентите на проектот, онаа за граѓанскоправниот систем на заштита се фокусира на заштитните мерки, како и на привремените мерки на заштита.

Во периодот на известување, за време на т.н. подготвителна фаза на проектот, беа спроведени повеќе активности: воспоставување на координативно тело за имплементирање на проектот (составено од Министерството за труд и социјална политика и МВР), воспоставување на работни групи на секоја од гореспоменатите прокетни компоненти; воведна обука за воспоставување на работна група и мапирање и пристап до локалните и националните обезбедувачи на услуги.

**<u>VAW Монитор</u>**

ЕСЕ го доби статусот на Национален монитор на насилство против жените од Minnesota Advocates for Human Rights (MAHR) за потребите на веб страница која служи како сеопфатна алатка од којашто можат да имаат корист застапниците на женските човекови права. Во овој проект беа вклучени 29 земји од централна и источна Европа, Кавказ, централна Азија, Русија, Монголија и Косово.Од друга страна, вработените во програмата за женски човекови права беа вклучени во подготовката на Националната студија, како дел од поширокатa регионална студија, именувана како Индикатори за следење на актуелната ситуација во споменатите земји, во однос на насилството против жените, а подоцна презентирана пред Европскиот парламент.

## ЖЕНИ И ЗДРАВЈЕ

Унапредувањето на положбата на жената во здравствениот систем преку нејзино подобрено информирање и подготовка за донесување на здрави избори, беше реализирано преку работата на Женските

здравствени информативни центри во Скопје, Штип и Тетово. Се превземаа систематски напори во полето на обезбедување, промоција и лобирање за подобрување на здравствениот статус на Ромите. Промотивните активности во правец на промоција на здрави животни навики меѓу младите, беа исто така дел од превземените активности во овој период.

За време на периодот на известување, продолжи веќе воспоставената соработка со месечниот магазин за здравје „Здравје”. Вкупно 7 текстови се публикуваа во текот на годината, на теми кои се адресираат од страна на Женскиот здравствен информативен центар.

## Женски здравствен информативен центар - ЖЗИЦ

Обезбедувањето на достапни, професионални и бесплатни здравствени информации и советување за жените на следниве теми: менопауза, остеопороза, контрацепција и совети за бремени жени, продложи преку работата на Женскиот здравствен информативен центар. Имено, на 160 клиентки им беше обезбедено соодветно и проефесионално советување преку телефон и преку директни контакти. Статистиките покажуваат дека 60% од жените кои го посетиле центарот биле невработени;  додека другите 40% од жените изјавиле дека не им се посветува доволно време за совети и информации од страна на гинеколозите во јавно здравствениот сектор. Факторите како што се немање на здравствено осигурување и запоставување на здравственото советување од страна на здравствените професионалци ги наведе жените во нашиот центар.

Во овој период, ЕСЕ го опреми центарот со апарати за мерење крвен притисок, апарати за мерење шеќер, контрацептиви и постојано настојуваше да има витамини, хормони и други сретсва потребни за функционирање на центарот со  цел да се зголеми обемот на услуги понудени на клиентките.

Во овој период, работеа двата Локални женски здравствено информативни центри. Покрај делот на советување, Женските здравствено информативни центри во Тетово и Штип спроведоа неколку едукативни работилници на темите, пубертет; трансформација за време на пубертетот и сексуално преносливи инфекции. Две едукативни брошури беа подготвени и публикувани за време на периодот на известување.

**<u>Здравје за сите, здравје за Ромите</u>**

Со овој проект, ЕСЕ започна процес на олеснување на пристапот на Ромите до здравствено осигурување. Додека претходните активности беа насочени кон сегашните и идните здравствени професионалци, активностите во овој проект се фокусираа кон НВО и релевантните институции во процесот на стекнување здравствено осигурување. Како резултат на континуираната работа на Информативниот центар, повеќе од 113 фамили (околу 450 лица) се здобија со здравствено осигурување. Во овој проект, се промовираше концептот на информативен центар, како и проблемот на немање здравствено осигурување, причините и последиците од тоа.

Тематските предавања беа насочени кон специфичните здравствени проблеми и потреби на ромската популација. Токму затоа изборот на темите за предавањата беше следниот: планирање на семејство, бременост и доење, хипертензија – превенција, менопауза – симптоми и здравствени ризици во периодот на менопауза. Како додадена вредност на овие предавања се делеа бесплатно кондоми, витамини и пакети со сретсва за хигиена.

Со цел да се промовираат законските норми кои важат за здравственото осигурување и да се промовира идеата и важноста на Информативниот центар како сервис за маргинализираните групи, три афирмативни работилници се оддржа во Штип, Битола и Кичево, во парнерство со ромски невладини организации. Проектот исто така содржеше активности во правец на јакнење на капацитетите на ромските НВО. Целта на тренингот беше да се запознаат учесниците со поимите род и пол, како родот влијае на Ромското здравје, здравствениот статус на

ромската популација, специфичните здравствени потреби на Ромите, сексуалното и репродуктивно здравје на жените ромки, законските одредби за здравствено осигурување како и пречките со кои се соочува ромската популација во процесот на стекнување на здравствено осигурување.

ЕСЕ го користеше мулти секторскиот пристап со цел да ги идентификува проблемите и да предложи конкретни активности од страна на формираната работна група, и истовремено да ја едуцира општата популација со цел да се надминат бариерите со кои се соочува ромската популација во процесот на стекнување здравствено осигурување. Како резултат на сето ова, се подготви и промовираше „Анализа на статусот на Ромите по однос на покриеноста со здравствено осигурување во Р.М."

## ЖЕНИТЕ ВО ПОЛИТИКАТА И ОДЛУЧУВАЧКИТЕ СТРУКТУРИ

Со започнување на процесот на имплементација на концептот на децентрализација во локалните општини низ Македонија, програмата за учество на жените во политиката изврши истражување со цел да подготви неопходни материјали за обука, со цел идно запонзавање со процесот на децентрализација за соодветната целна група, а предвидена во следните три години на работа. Од друга страна, учеството на руралните жени во процесите на одлучување е маргинално, целта на програмата е постигнување на поголема демократија низ процес на подигнување на свеста, едукативни работилници, изборна кампања што ќе им овозможи на овие жени на бидат повидливи во својата средина.

Активностите за програмската година 2005-2006, беа главно фокусирани на подготовка и истражување на материјали за обука, со цел концеопирање на соодветна литература за одпочувањето на новата тригодишна програма 2006-2009.

**Внесување на родова перспектива во главните текови на општеството (Gender mainstreaming)**

ЕСЕ беше во постојана соработка со преставничките на политичките партии. Фокусот беше ставен на набљудување на процесот на учеството на жените во внатрешните структури на партиите, независно дали се говори за мала или голема политичка партија. Како резултат на овие средби, се јави потребата за оддржување на одреден тип на обуки. За оваа цел, ЕСЕ идентификува 16 жени од различни политички партии кои учествуваа на три дневен семинар, на тема:" Жените во политиката за Европска Македонија". Како резултат на овој семинар, учесничките се договориоја за следната фаза на обука што треба да опфати теми за родовата еднаквост во Европската Унија, по кој ќе имаат за цел дисеминација на знаењето во своите партии.

**Жените и децентрализацијата**

За време на овој процес на известување, како дел од подготвителната фаза за новата програма се одвиваше процес, на истражување, подготовка, и превод на нови материјали и литература за работа. Беше преведена и подготвена богарта збирка на текстови и материјали од областа на децентрализацијата, споделувањето на власта,учество на граѓаните во процеите на одлучување. Фазата на подготовка се одвиваше 5 месеци, до октомври 2005 година, кога воедно беше и концепирана структуирана библиотека за потребите за обука.

**Подготовка и објавување на брошура**

Во Јануари 2005, ЕСЕ учествувше на 34$^{та}$ Сесија на ЦЕДАВ Комитетот при ООН, кадешто го презентира првиот извештај во Сенка на ЦЕДАВ Конвенцијата. Во овој извештај беше презентирана целокупната положба на жената во исте сфери на опшественото живеење, а меѓу кои беше и позицијата на жената во политиката(член 7) и жената во дипломатските мисии и меѓународни организации (член 8).Како резултат на овој извештај, програмата за учество на жените во политиката, иницира

објавување на брошура, наименувана како “Женското политичко прашање во Македонија – приказна зад бројките”. Како резултат на истржувањето спроведено во период од 2 месеци, (Февруари и Март), беа донесени анализи за 15 годишниот период на транзиција на жените во политиката. ЕСЕ овој извештај од 24 страни го публикува на два јазици од кои се испечати брошура во 2000 копии. Брошурата во себе ги содржи наодите од ЦЕДАВ Конвенцијата (член 7 и 8), но во исто време дава аналитичка рамка за позицијата на жената во политиката, почнувајќи од парламентарните избори во 1991 година, се до 2002 , како и приказ на ситуацијата на преставување на жените на локалните избори и промените во нивната репрезентација пред и после периодот на воспоставување на системот на квоти.

**Парламентарни избори 2006**

За време на периодот на известување, во Република Македонија се одржаа 5$^{те}$ Парлиаментарни избори. Во националното изборно законодавство се случија релевантни промени, особено значајни за жените. Со донесувањето на новиот изборен законик, престанаа да важат дотогашните закон за локални избори, како и законот за избор на пратеници. Новитет во новиот изборен законик, а што особено ја тангира жената-кандидатка е наместо системот на квоти, се воведе механизам којшто пропиша секоја трета позиција треба да биде резервирана за жените. Дополнителна новина е дека во сите изборни комисии , обата пола мора да бидат застапени со најмалку 30%. Доколку политичките партии не го сторат тоа, при поднесувањето на листите, Државната Изборна Комисија (ДИК) ќе ги врати нивните листи. ЕСЕ исто така учествуваше на тркалзена маса што беше иницирана од страна на НДИ и “МОСТ” во својство на давање на забелешки и дополнувања на изборниот законик,во делот за учество и правично преставување на жените на изборите.
Од друга страна, во предизборниот период, ЕСЕ работеше со жените кандидатки, со цел да ги зајакне нивните капацитети за техниките за водење на кампања и да ги обучи во пред изборниот период да станат

ефективни и еднакви партнери во предизборната битка. За оваа цел, ЕСЕ идентификува 3 градови во кои организраше 3 еднодневни работилници со жените-кандидатки од различни политички партии. После оддржувањето на работилниците, ЕСЕ финансиски го поддржа издавањето на двојазичен постер и лифлет со цел поддршка на жените на престојните избори.

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ**

Со цел ЕСЕ да биде препознатливо како релевантен партнер меѓу домашните и регионалните организации и институции, со зголемени капацитети за социјални промени, Одделението за развој во периодот на известување имаше за цел проширување на своите капацитети за прибирање на средства, подобрување на односите со јавноста, градење на партнерства со стратешки домашни и регионални партнер и развивање на систем за проценка на програмските постигнувања и постигнувањата на вработените. Иако сеуште има перцепција дека е невозможно да се прибираат средства од индивидулаци во Македонија заради непостоење на култура на донирање, како и заради лошиот економски статус,ЕСЕ во неколку наврати се обиде да прибере сретства. На еден од промотивните материјали што ЕСЕ ги подготви за време на кампањата за заштита од семејно насилство – постер, беа наведени банковната сметка на ЕСЕ заедно со мотото “Донирајте за поддршка за жртвите на семејното насилство”. Вреди да се истакне, индивидуалната донација од 4000 ден. примена од лице кое го видело овој постер. Втората прилика на којашто беше организирана активност за прибирање на средсcва беше прославата на 10 годишнината од постоењето на ЕСЕ.

Во конекст на **односите со јавноста и градењето на партнерства**, ЕСЕ воспостави добри односи со Медиа принт Македонија (МПМ), издавачка куќа одговорна за маркетинг и менаџмент на ЊАЗ Медиа Гроуп во Македонија. ЕСЕ ги искористи нивните улсуги во две прилики: првата

кога ЕСЕ ги објави заклучните препораки од ЦЕДАВ Комитетот (види во извештајот за Женски човекови права), и вториот кога ЕСЕ се приклучи на прославувањето на Светскиот ден на здравјето- 07ми април и Меѓународниот ден на Ромите 08ми април–(види во извештајот за Жени и здравје). Парлелено, ЕСЕ продолжи со понатамошно развивање на својата веб страница. Од друга страна, сегашната бев страница ќе биде збогатена со достапни информации, како и ќе биде соодветно реконструирана. На ниво на соработка и градење партнерства ,ЕСЕ активно учествуваше на состаноците на Граѓанската платформа на Македонија. Како дел од соработката, ЕСЕ присуствуваше на јавната расправа за концептот на Стратегијата на Владата за соработка со граѓанскиот сектор.

## <u>Развивање на систем за проценка на програмските постигнувања и постигнувања на вработените</u>

Во текот на месец април 2006, од страна на персоналот на ЕСЕ беќе дистрибуиран и пополнет прашалник за оценка на постигнувањата на вработените. Резултатите од прашалникот служеа како база за понатамошно подобрување. Во тој контекст, прашалникот содржеше сет на прашања поврзани со задоволството на вработените од условите за работа, организационата поставеност, методологијата на работа, користењето на нивните капацитети и можностите за подобрување. Резултатите од прашалникот насочија неколку полиња за подобрување. Инаку, користењето на капацитетите на вработените и можноста за нивно подобрување како и останатите делови на организационите и институционалните аспекти, беа позитивно оценети. Исто така, беа организирани неколку состаноци со вработените за проценка на работењето на одделението за развој. Фокусот беше ставен на процесот на подготовка и поднесување на предлог проекти и нивна еднаква дистрибуција по програми на ЕСЕ.

## ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ

Развојот на човечките ресурси на ЕСЕ течеше според листа на потребни обуки. Според стратешкиот план, следниве обуки коишто беа дефинирани како приоритетни за вработените во ЕСЕ се релизираа: “Управување на различности и споделување на власта во процесот на креирање на јавните политики” за колешката што ја координира програмата Жените во политиката и одлучувачките структури, и Решавање на сложувалката за прибирање на средства, за колешката што го координира Одделението за развој.

што се однесува на организационата поставеност и структура, покрај годишната средба на Генералното Собрание, беа оддржани и две средби на Извршниот одбор. Традиционално, презентирањето и усвојувањето на наративниот и финансискиот извештај за работата на ЕСЕ оваа година беше проследено со избор на нов состав на Извршниот одбор на ЕСЕ. Номинираните членови беа претставени со куси биографии. Три од нив го отслужуваат својот втор мандат и четири од нив за прв пат го отслужуваат својот мандат во Извршниот одбор.

Следствено, после изборот на новиот состав на Извршниот одбор, беше превземена процедура за избор на претседател и подпретседател. Г-ѓа Татјана Темелкоска- Миленковиќ, беше избрана за претседател, а Г- ѓа Марија Савовска беше избрана за подпретседател.

**Застапеноста во медиумите** беше главно фокусирана на прашањата за семејното насилство, човековите права, Извештајот во сенка за ЦЕДАВ Конвенцијата, заклучните согледувања на ЦЕДАВ комитетот, анализите за ситуацијата на Ромската популација во однос на здравственото осигурување во Република Македонија, исто како и работата на женскиот здратствен информативен центар.

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА**
**РАБОТАТА НА ЕСЕ**
**ЗА ПЕРИОДОТ**
**ЈУНИ 2005 - МАЈ 2006**

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА**
**ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ**
**И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ НА РМ**

**Преглед на планирани приходи и реализрани трошоци по програмски активности 2003-2006**

| I. Трошоци по програми | Планирани во € | Планирани во МКД | Реализирани во МКД 2005-2006 |
|---|---|---|---|
| Програма здравствена едукација | 60.671,00 | 1.050.885,00 | 1.235.330,00 |
| Програма Женски човекови права | 161.566,50 | 2.418.140,00 | 2.348.916,00 |
| Програма учество на жените во политиката и одлучувачките структури | 53.854,00 | 314.962,00 | 796.549,00 |
| II. Тренинг активности | 81.509,50 | 1.956.495,00 | 498.910,00 |
| III. Административни трошоци | | | |
| Административни трошоци на канцеларијата | 85.627,00 | 2.041.303,00 | 2.472.832,00 |
| Плати на ЕСЕ персоналот | 105.334,00 | 3.277.876,00 | 4.744.228,00 |
| Трошоци за средби на Извршниот Одбор и Генерално Собрание | 7.620,00 | 44.008,00 | 1.259.595,00 |
| ВКУПНО | 556.182,00 | 11.103.669,00 | 13.356.361,00 |

| ПРИЛИВИ | |
|---|---|
| Вкупни приливи   во МКД | 15.997.073,00 МКД |
| Приливи во девизи | 202.775,40 € |
| Продажба на девизи | 12.451.464,50 МКД |
| Учество на ICCO & EED во вкупниот прилив 08.2005-08.2006 | 10.872.431,00 МКД |
| Процентуално учество | 68.51 % |
| Непотрошени средства од претходната програмска година | 1.995.658,00 МКД |
| Приливи за реализација на програмски активности 2005-2006 | 10.999.375,00 МКД |
| Програмски трошоци 2005-2006 | 13.356.361,00 МКД |
| Остаток за наредната програмска година (програмски активности)* | - 361.329,00МКД |

* Објаснение: Трошоците во овој пресметковен период спрема приложените и контролирани фактури, сметки и документи се поголеми за 5.884,35 евра, односно 361.329,00 денари од расположивите средства за реализација на програмата. Овој износ требало да се надомести од страна на ЕЕД, бидејќи последната транша префрлена од нивна страна изнесувала 75.000 евра, а согласно на планираните трошоци таа требала да изнесува 83.050 евра.

**Извештај за извршен увид во приливот на средства од ICCO и EED и нивното трошење, во периодот од август 2005 до август 2006 година**

1. Извршен е увид во финансиските извештаи кои се однесуваат на периодот август 2005 до август 2006, со забелешка дека неколку плаќања кои се извршени во септември 2006 се земени во трошоците за наведениот пресметковен период.Средствата примени од Меѓуцрковната организација за развој и соработка (ICCO) 102.061,00 евра на 16.06.2005 и износот од 75.000,00 евра на 22.03.2006 год.примени од EED предвидени се за трошоци во периодот Август 2005-Август 2006, а се во рамките на проектот МК 002051 Програма за работа за период 2003-2006 година. Увидот во документацијата за направените трошоци извршен е за да се даде мислење за финансиските извештаи за овој период. Користејќи ја Македонската законска регулатива, која е во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди во сите значајни аспекти се потрудивме да видиме и утврдиме дали финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки и се поткрепени со веродостојни материјални докази. Испитувањата беа спроведени на основа на тест на евиденцијата која ги поддржува износите во финансиските извештаи.

2. Веруваме дека нашиот увид во документацијата претставува разумна основа за нашето дадено мислење.

3. Според нашето мислење, финансиските извештаи даваат вистинска и точна слика за изворите и користењето на средствата од девизната сметка на Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ, добиени од Меѓуцрковната организација за развој и соработка (ICCO) и EED во рамки на проектот МК 002051 Програма за работа за периодот 2003-2006, во согласност со Меѓународните книговодствени стандарди, Македонската законска регулатива и целите на проектот предвидени во ICCO -Општи услови за договори за кофинансирање, Додаток 3.

4. Во однос на извештаите за трошоците:

а) Извештаите за трошоците подготвени се во согласност со одредбите на Додаток 4б-2 од ICCO -Општи услови за договори за кофинансирање;

б) Сите трошоци се направени целосно за трошоци неопходни за спроведување на активностите за реализација на проектните цели, водејќи сметка за економичноста и ефективноста;

в) Адекватната документација е чувана со цел да се даде поткрепа за направените трошоци;

г) Финансираните услуги и набавената опрема покриени се со релевантни договори и фактури.

Скопје, октомври 2006 год.

Увидот го изврши:

Гордана Хамамџиева